ОСНОВНИОТ СУД ВЕЛЕС како првостепен суд преку стечајниот судија Дара Арсова, во отворената стечајна постапка над должникот должникот Трговско радиодифузно друштво ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин ДООЕЛ Велес, постапувајќи по предлог-трошковник на стечајниот управник Весела Петрулева од Велес за исплата на трошоци на претходната постапка, на ден 14.08.2024 година го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

Трошоците на претходната постапка ги поднесува предлагачот – должникот Трговско радиодифузно друштво ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин ДООЕЛ Велес, од авансираниот износ кој во отворената стечајна постапка влегува во трошоците на стечајна постапка, а СЕ УТВРДУВААТ во вкупен износ од 25.000,00 денари.

## О б р а з л о ж е н и е

Со Решение на овој суд СТ.бр.2/2024 од 04.04.2024 година отворена е стечајна постапка над должникот должникот Трговско радиодифузно друштво ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин ДООЕЛ Велес. На ден 13.08.2024 година привремениот стечаен управник Весела Петрулева од Велес, а сега стечаен управник на должникот до судот поднесе Предлог-трошковник за трошоци на претходната постапка, со барање за нивна исплата.

Судот постапувајќи согласно чл.53 ст.5 в.в. чл.134 ст.1 т.2 од Законот за стечај ги утврди предизвиканите трошоци на претходната постапка во вкупен износ од 25.000,00 денари, а кои се однесуваат на материјални и патни трошоци и надоместоци по трошковник износ од 12.400,00 денари и награда за привремен стечаен управник бруто износ од 12.600,00 денари.

При состојба кога од страна на предлагачот- должникот Трговско радиодифузно друштво ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин ДООЕЛ Велес, во постапката е уплатен аванс за покривање на трошоци за претходна постапка во износ од 25.000,00 денари, следуваше судот да одлучи како во изреката на решението.

ОСНОВЕН СУД ВЕЛЕС, СТ.бр.2/2024 од 14.08.2024 година

Стечаен судија
Дара Арсова

ПРАВНА ПОУКА:
Против ова решение дозволена е жалба во рок од 8 дена од денот на приемот, преку овој суд до Апелациониот суд Скопје.

ДН. - стечаен управник Весела Петрулева од Велес
- огласна табла на судот